**Република Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су -04 бр. 52/20-10**
**18.12.2020 година**
**О х р и д**

Судски администратор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на чл. 43. од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2018 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година) врз основа на објавен оглас бр 1/20 на Основниот суд Охрид, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеник во звање Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4, еден извршител, на ден 18.12.2020 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А

***- За унапредување на судски службеник-***

Судскиот администратор на Основниот суд Охрид, врз основа на Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр.52/20 – 9 од 17.12.2020 и Конечната ранг листа Су-04 бр.52/20 - 6 од 17.12.2020 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник во Основниот суд Охрид за работно место со звање Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4, еден извршител , **ГО УНАПРЕДУВА** кандидатот

**АНЃЕЛКО ПОПЕСКИ**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за унапредување од звање советник информатичар, категорија В, ниво В4, во звање Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4 и Решение за утврдување на плата.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Охрид, на Веб страната на Основниот суд Охрид, објави Интерен Оглас за унапредување на судски службеник, со звање Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4, под број 1/20 од 27.11.2020 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник , до Судскиот администратор на Основниот суд Охрид, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 42 ст. 6 од Законот за судска служба , беше доставена Конечната ранг листа Су-04 бр.52/20 - 6 од 17.12.2020 година од постапката за вработување и Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр.52/20 – 9 од 17.12.2020, за работното место Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 42 ст.6 , му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4, еден извршител, и тоа кандидатот Анѓелко Попески.

Судскиот администратор, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник при Основниот суд Охрид, а постапувајќи согласно чл. 43 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место** Раководител на одделение за информатика , Категорија Б, ниво Б4, еден извршител **во Основниот суд Охрид, го избира кандидатот Анѓелко Попески.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за унапредување на судски службеник, врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Охрид, на ден 18.12.2020 година.

**Судски администратор,**
**Борче Мирчески**

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Охрид, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот нна приемот на одлуката.

**Д-на:** Анѓелко Попески.